**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Сектор за Централни услуги
Бр.7234/1 Скопје, 15.11.2011година

До
Сите банки

Почитувани,

Ве известувам дека Гувернерот на Народната банка на Република Македонија го донесе Упатството за измена и дополнување на Упатството за начинот на вршење на платниот промет во странство, кое е објавено во „Службен весник на РМ" бр. 156/11.

Со измената и дополнувањето на ова Упатство соодветно се регулира начинот на постапување на банката при наплата од нерезидент за корисник резидент - физичко лице со примена на директна наплата, во случаи кога наплатата е по основ на пензии, плати, социјални примања, ренти, поврат на даноци од странство, како и лични трансфери од нерезидентни физички лица.

Со влегување во сила на ова Упатство, на 17 ноември 2011 година, престанува да важи инструкцијата на Народната банка дадена со писмото бр.7234 од 01.09.2011 година.

Со почит,

Координатор на стручна група
Секретар на банката
Јанче Лековски

**Народна банка на Република Македонија**
бул. Кузман Јосифовски Питу бр.1, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-224; 3108-259
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3108-309
**www.nbrm.mk**